Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), **Градоначалникот на општина Карпош**, на ден 09.12.2022 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Детален урбанистички план за Градска четврт З 06, Блок 05, Општина Карпош кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Карпош www.karpos.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Детален урбанистички план за Градска четврт З 06, Блок 05, Општина Карпош нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Планскиот документ кој се донесува има за цел рационално користење на земјиштето, се дефинираат и оформуваат урбанистички парцели со што се решаваат имотно правните работи на сопствениците од катастарските парцели. Намената на земјиштето се усогласува со ГУП на град Скопје (2012 - 2022 година) и РПЧ на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт З 06, Град Скопје, Плански период 2018-2022, Технички број К10318 од Септември 2019. Намените и компатибилните намени се согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Органот на државната управа надлежен за работите во областа на животната средина во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 11-5723/10 од 09.12.2022 год,
с.р
Место Скопје

Име и презиме

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА КАРПОШ • СКОПЈЕ

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | Детален урбанистички план за Градска четврт 3 06, Блок 05, Општина Карпош |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Друштво за архитектонски дејности инженерство, техничко испитување и анализа ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ, увоз - извоз - Куманово |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Карпош - Скопје |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | м-р Стефан Лазаревски, диа |
| Назив на работното место | Дипломиран инженер архитект - планер потписник |
| Контакт податоци за лицето | / |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| Планскиот документ кој се донесува има за цел да се изработи Детален урбанистички план за Градска четврт З 06, Блок 05, Општина Карпош, кој бил предмет на планирање и разработка во минатото. Планскиот опфат е опфатен во граници на РПЧ на ГУП на Град Скопје 2012-2022 за Четврт З 06, Град Скопје, Плански период 2018-2022, Технички број К10318 од Септември 2019, како и ДУП за Градска Четврт З 06, Планиран развој 2015-2020, Општина Карпош – Скопје, Технички број. 82/12/14 од Декември 2015, и Измена и дополнување на ДУП за дел од УЗ Тафталиџе 30 – Локалитет Алумина и дел од населба Козле, Кузман Јосифовски Питу, Блокови 36 и 37, Општина Карпош, Скопје, Планиран развој 2012- 2017, Технички број 009/02/2012 од Јуни 2013.односно да изврши хармонизација на просторните природни услови и предвидените градби во функционална целина со естетска препознатливост. |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? |
| Да☒<br>Не☐ |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| При изработката на Детален урбанистички план за Градска во целост се запазени границите на плански опфат и урбанистички параметри зададени во<br>• ГУП на град Скопје, Плански период 2012-2022 (Одлука бр.07-5068/1 од 03.12.2012 год.), Извод бр. 191/2019 од 27.12.2019 година;<br>• Регулациски план на ГУП на град Скопје за Градска четврт З06, блокови 05, 06, 09 и 11, Плански период 2018-2022 (Одлука бр.27-9957/1 од 28.10.2019 год.), Извод бр. 191/2019 од 27.12.2019 година; |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| не |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) |

| Да ☐<br>Не ☒ | Член: | Точка: | Алинеја: |
|---|---|---|---|

| |
|---|
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| не |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| не |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Основна цел на овој Детален урбанистички план е преку:<br>• рационално користење на земјиштето;<br>• максимално вклопување на објектите и инфраструктурата со теренот; |

| |
|---|
| • оформување препознатлива архитектонска целина;<br>• почитување и заштита на правото на човекот на работа;<br>• почитување и надградување на пејсажните вредности;<br>• оформување културен пејсаж;<br>• вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето;<br>• непречено движење на хендикепираните лица;<br>• почитување и валоризација на културното и градителското наследство;<br>• вградување на мерки за заштита на природата и животната средина;<br>• вградување мерки за заштита и спасување;<br>• почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето;<br>да го преиспита предметниот простор и да ги дефинира условите за градење во рамките на предметниот плански опфат со дефинирање на градежни парцели, дефинирање на основни класи на намена, како и дефинирање на архитектонско - урбанистичките параметри за реализација на планираните градби и усогласување на досега превземените и идните планерски активности со планските решенија од ГУП на град Скопје и Регулацискиот план ГУП на град Скопје за четврт 3 06 блок 05, Плански период 2019-2024, преку евидентирање на постојните – создадените вредности и примена на важечка законска легислатива од областа на просторното и урбанистичкото планирање.<br>Планскиот опфат кој е предмет на уредување со овој Детален урбанистички план, зафаќа површина од 6.57 ха и неговата местоположба е дефинирана во рамките на следните граници:<br>• на север со улицата „Прашка",<br>• на исток со улицата "С7",<br>• на југ со улицата "Митрополит Теодосиј Гологанов,<br>• на запад улица „Лондонска". |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| планирање на просторот |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 2019-2024 |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| 5 години |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Планскиот опфат, кој е предмет на уредување со овој Детален урбанистички план, бил предмет на планирање и уредување во минатото. Планскиот опфат е опфатен во граници на:<br>• ГУП на град Скопје, Плански период 2012-2022 (Одлука бр.07-5068/1 од 03.12.2012 год.), Извод бр. 191/2019 од 27.12.2019 година;<br>• Регулациски план на ГУП на град Скопје за Градска четврт 306, блокови 05, 06, 09 и 11, Плански период 2018-2022 (Одлука бр.27-9957/1 од 28.10.2019 год.), Извод бр. 191/2019 од 27.12.2019 година;<br>Просторот бил предмет на детално планирање во минатото. Во рамките на планскиот опфат или негова непосредна околина биле изработени следните плански документации:<br>• Детален урбанистички план за дел од МЗ Тафталиџе 30, плански опфат помеѓу ул."Лондонска", ул. „Прашка", ул. Теодосие Гологанов и Новопланирана ул.2, |

| |
|---|
| Плански период 2008-2013 (Одлука бр.07-1800/1 од 17.06.2008 год.), Извод бр.90/2020 од 31.01.2020 година и<br>• Изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од УЗ Тафталиџе 20, локалитет Алумина и дел од населба Козле, Кузман Јосифовски Питу, Блокови 36 и 37, Плански период 2012-2017 (Одлука бр.07-4578/61 од 08.07.2013 год.), Извод бр.101/2020 од 31.01.2020 година. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Со Деталниот урбанистички план се усвојуваат класите на намена на градежното земјиште и градбите, дефинирана со важечкиот Генерален Урбанистички План на град Скопје, Општи и посебни услови за просторен развој, Плански период 2012-2022 год., за Градска четврт З 06, Регулациски план на генерален урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 за Градска четврт З 06, блок 05, Плански период 2018-2022 и Детален урбанистички план за дел од МЗ Тафталиџе 30 помеѓу ул.Лондонска, ул. Прашка, ул. Теодосие Гологанов и Новопланирана ул. 2. Истите се дефинирани во согласност со Член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и се утврдени како:<br>• А – Домување<br>А2 – Домување во станбени згради<br>• Б – Комерцијални и деловни намени<br>Б2 – Големи трговски единици<br>• В – Јавни институции<br>В1 – Образование и наука<br>• Е– Инфраструктура<br>Е1 – Комунална инфраструктура<br>Е2 - Комунална супраструктура – трафостаница<br>• Д – Зеленило и рекреација<br>Д1 – Парковско зеленило<br>Д2 – Заштитно зеленило<br>а влијанието врз животната средина останува исто, бидејки со планскиот документ нема да се изврши дополнително оптеретување врз животната средина. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата; | Нема |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | континуирано влијание но не и зголемено врз животната средина. (Прилог синтезен план). |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Ризиците се предвидени и за истите се предвидуваат мерки за заштита. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | На површина од планскиот опфат од 6,57 ха, не се предвидува зголемување бројот на жители. |

| | |
|---|---|
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Со планскиот документ кој што се донесува се предвидува позитивен ефект врз економските и социјалните фактори. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ: | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Нема |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Нема |
| Интензивна употреба на земјиштето | Нема |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Планскиот документ кој ќе се спроведува има законска рамка и со него се планираат локациските услови (оформување на урбанистичка и архитектонска целина). | |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Планскиот опфат кој е предмет на Деталниот урбанистички план, претставува пад и релативно изграден простор.На дел од просторот се чуствуваат процеси на стихиен урбан развој. Изградените градби се во релативно добра состојба.<br>Во рамките на планскиот опфат, предмет на разработка со овој Детален урбанистички план, постојните градби и површини се со намена А1 – Домување во станбени куќи, А2 – Домување во станбена зграда, Б2 – Големи трговски единици, В1 – Образование и наука, Г3 – Сервиси, Д2 – Заштитно зеленило, Е1 – Комунална инфраструктура – улици и Е2 – Комунална супраструктура – трафостаници. Габаритните димензии на сите горенаведени објекти се дадени во графичките прилози.<br>Сообраќајната инфраструктура се карактеризира со висок степен на реализација односно сообраќајната инфраструктура е дефинирана.<br>Комуналната инфраструктура и супраструктура се карактеризираат со среден до висок степен на реализација, односно сите постојни градби се поврзани на водоводна, фекална канализациона, електрична и телекомуникациска инфраструктурна мрежа, но истите мрежи е потребно да се ретрасираат бидејќи поминуваат низ парцели кои се во приватна сопственост. | |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на | |

| | |
|---|---|
| животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Со планскиот документ дополнително не се оптеретува животната средина бидејќи за истиот се предвидуваат мерки и активности за намалувањето на влијанието врз животната средина. | |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Нема | |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Планскиот документ кој се донесува ги следи одредбите на Генералниот урбанистички план и Регулацискиот план за четврт. | |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Нема | |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Не се спроведува стратешка оцена на планскиот документ | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | .Градоначалник на општина Карпош- Стевчо Јакимовски |
| Датум 09.12.2022 год.<br>Место Скопје | М.П. |

